# ЗПРМ го одржа Годишното собрание за 2017 година

На 4 март 2017 година, во просториите на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, ЗПРМ го одржа своето Годишно собрание за 2017 година.

Собранието го отвори претседателката, Ирена Кацарски-Ќимова, која даде краток преглед за активностите на ЗПРМ за периодот од основањето па сѐ до последното собрание. Посочи дека со ова собрание се заокружува една целина од постоењето на здружението и наведе дека неговите основни активности и работи се веќе воспоставени, но постојат други што ќе треба да ги исполни новото раководство. Претседателката посочи дека во овие шест години од постоењето на ЗПРМ тоа се профилира како професионално здружение, со многу активности, како што се годишната меѓународна конференција, Наградата за најдобар млад преведувач „Вавилон“ и многубројни работилници, презентации и инфо-денови за здружението. Во овој период ЗПРМ покажа иновативност и активизам. Членовите на ЗПРМ создадоа концепт за самовработување, беа аналитични за измените во Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, а дадоа и свое мислење за други закони што ги засегаат членовите. Здружението се вмрежи локално и меѓународно со други професионални здруженија и постана партнерско здружение на Меѓународното здружение на професионални преведувачи и толкувачи, IAPTI, како и член на терминолошката база TermNET и на Европскиот совет на здруженија на книжевни преведувачи, CEATL.

На Собранието се дискутираше и за финансискиот извештај и извештајот од конференцијата на ЗПРМ. Членовите се запознаа и со активностите во 2016 година како на пример, работилницата за судски превод на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, подготвувањето програма за менторство, потпишувањето Меморандум за соработка со Специјалната болница „Филип Втори“ од Скопје, учеството на членовите на ЗПРМ на повеќе работилници и слично.

Главни активности на Собранието беа промената на називот на ЗПРМ од *Здружение на преведувачи на Република Македонија* во *Здружение на преведувачи и толкувачи на Република Македонија* и изборот на ново раководство на здружението. За нова претседателка на ЗПРМ е избрана Огнена Никуљски. Нова потпретседателка е Ана Попова-Манасиевска, а нова секретарка е Сандра

Ангеловска-Богатиновска. Како надзорни членови на Управниот одбор се избрани Ирена Кацарски-Ќимова, Соња Китановска, Бојан Кицуровски и Марија Спирковска. На Собранието новата претседателка го изнесе своето видување за ЗПРМ, како и за активностите што се планираат во иднина.

На крајот на Собранието детално се претстави и Работниот план на ЗПРМ за 2017 година, според работните групи и нивните активности.